# Универзитетски гласник

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

*Уредник*
*на издавачката дејност на УКИМ*
**проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор**

*Уредник*
*на Универзитетски гласник*
**м-р Марија Маневска, генерален секретар**

*Лектор*
**Весна Илиевска Цветановска**

*Техничко уредување*
**Зоран Кордоски**
**м-р Елизабета Додевска**

**ОДЛУКА**
за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје

Врз основа на член 2 од Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 161/2010), Колективниот договор за високо образование и наука (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 102/2021) и член 58, став 1, точка 13 од Статутот на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем" во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019 и бр. 467-Анекс-1/2020), Наставно-научниот совет на Факултетот, на својата 3. (трета) седница одржана на 28.3.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем" – Скопје**

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем"(во понатамошниот текст: Одлука), се утврдуваат платите, надоместоците и додатоците на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем" – Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот).

**Член 2**

Вработениот има право на плата согласно со закон, Колективниот договор, Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и еко-инженеринг „Ханс Ем" – Скопје (во понатамошниот текст: Правилникот) и оваа одлука.

Покрај плата, вработениот има право и на надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи согласно со закон, Правилникот и оваа одлука.

Платата, надоместоците и додатоците на плата и другите надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработениот му се утврдуваат и се исплатуваат на начин, услови, критериуми и во постапка утврдени со закон, Колективниот договор, Правилникот и оваа одлука.

**Член 3**

Платата на вработените, за работа со полно работно време, не може да биде пониска од основната бруто плата утврдена согласно со Колективниот договор врз основа на кој се исплаќа од Буџетот на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Платата на вработениот не смее да биде во понизок износ од утврдената висина на минималната плата на национално ниво.

**Член 4**

Платата на вработениот се пресметува и се исплатува еднаш месечно, во паричен износ, на трансакциска сметка.

Придонесите, даноците и другите давачки на платите, надоместоците и додатоците на плата и другите надоместоци ги исплатува Факултетот од буџетски средства.

**Член 5**

Факултетот е должен да води евиденција на платите, додатоците и

надоместоците на платите, како и исплатените придонеси и додатоци од плати, а на работникот да му издаде пресметковна листа за исплатена плата.

**Член 6**

На вработените на Факултетот, за висината на платата, изразена во бодови, согласно со основите и мерилата од оваа Одлука, им се издава решение.

Решението се донесува од страна на деканот на Факултетот.

Против решението за плата, вработениот има право на приговор до Деканатската управа на Факултетот, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот.

Одлуката на Деканатската управа по приговор е конечна.

## I. ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ И ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА

**Член 7**

Платата на вработените на Факултетот се состои од две компоненти:

А) <u>**Основна компонента на плата, која се состои од**</u>:
- основна бруто плата
- дел од плата за работен стаж.

**Б)** <u>**Исклучителна компонента на плата, која се состои од:**</u>
- дел од плата за работна успешност
- додатоци и/надоместоци.

### *А) Основна компонента на плата*

**Член 8**

За да стекне основна бруто плата, вработениот е должен во текот на 40-часовната работна недела, работните задачи, утврдени во актот за организација и систематизација на работните места, да ги извршува квалитетно, редовно, навремено и целосно.

**Член 9**

Платата на вработениот за работа со полно работно време не може да биде пониска од најниската плата утврдена со закон, Колективниот договор, Правилникот и оваа одлука.

Најниската плата за најнизок степен на сложеност (најниска плата) се утврдува и се објавува од страна на Владата на Република Северна Македонија и Синдикатот.

Полно работно време на вработените од редот на наставниот кадар се распоредува на:
- работни часови за вршење наставни активности;
- работни часови за вршење научноистражувачка и применувачка дејност;
- работни часови за научно и стручно усовршување;
- работни часови за учество во работата и управувањето на установата.

Наставните активности се состојат од:

а. наставни часови (предавања, индивидуална настава, вежби, практична настава, теренска настава и сл.), кои може да изнесуваат максимум 6 наставни часа неделно, односно максимум 180 наставни часа годишно;

б. подготовка за изведување наставни часа, консултации, континуирано оценување, завршни испити, индивидуална работа со студенти (домашни задачи, семинарски работи, проекти и сл.).

Распределбата на работното време за работниците од редот на наставниот и истражувачкиот кадар се утврдува од Наставно-научниот совет, при што се води сметка секој наставник, соработник, односно истражувач да оствари 40 часа работно време, преку активностите определени во став 2 и став 3 на овој член.

Полното работно време на вработените од редот на наставниот кадар, односно од Стручната и административна служба и лаборантите се остварува во петдневна работна недела.

Исклучок од став 3 на овој член може да има во распоредот на помошно-техничките лица вработени на работно место

за обезбедување, со сведување на работното време на месечно ниво на 40 часа работна недела.

Почетокот, распоредот и завршувањето на работното време, за работниците од став 6 и став 7 на овој член, се утврдуваат од страна на деканот.

**Член 10**

На Факултетот се утврдени следниве групи на сложеност на работните задачи:

За лицата избрани во наставно-научни и соработнички звања (наставен кадар):

- I група на сложеност – асистент докторанд, асистент, стручен соработник;
- IV група на сложеност – доцент, вонреден професор и редовен професор, или по категории:

а) Категорија А – наставно-научни звања
- ниво А01 – редовен професор,
- ниво А02 – вонреден професор,
- ниво А03 – доцент.

б) **Категорија В – соработнички звања**:
- ниво В01 – асистент.

**в) Категорија Г – друг соработнички кадар во високо образование** (**стручни соработници**)
- ниво Г1 – виш лаборант

**Стручна и административна служба на Факултетот**:

а) Категорија А:
- ниво А2 – секретар на Факултетот

в) Категорија В:
- ниво В1 – советник
- ниво В4 – помлад соработник

г) Категорија Г:
- ниво Г1 – самостоен референт.

**Помошно-технички лица на Факултетот:**

а) Подгрупа 1 (одржувач на хигиена – потребен најнизок степен на образование ОО):
- ниво А1 – хигиеничар

Подгрупа 2 (обезбедување на објекти – потребен најнизок степен на образование ОО):
- ниво А1 – чувар

Подгрупа 3 (одржување на хортикултурни објекти на Факултетот – потребен степен на образование ССС):
- ниво А1 – градинар.

Работните места во Стручната и административна служба од исто ниво можат да имаат различна плата од делот на сопствените приходи согласно со сложеноста, обемот на работните задачи и слично.

**Член 11**

За основната плата изразена во коефициенти, по звање и работно место, односно по ниво на работно место на вработените согласно со групирањето во член 10 од оваа одлука, се утврдуваат следниве износи:

| НАСТАВЕН КАДАР | | |
|---|---|---|
| Шифра на работното место | Назив/звање на работното место | Коефициент на сложеност |
| ОБН 03 02 АО1 оо | редовен професор | 3,03 |
| ОБН 03 02 АО2 оо1 | вонреден професор | 2,75 |
| ОБН 03 03 АО2 оо1 | доцент | 2,55 |
| ОБН 03 02 ВО1 оо1 | асистент | 1,96 |
| ОБН | виш лаборант | 1,96 |
| СТРУЧНА И АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА | | |
| ОБН 01 02 АО2 оо1 | секретар на Факултетот | 2,15 |
| ОБН 01 02 ВО1 оо8 | советник | 1,68 |
| ОБН 0102 ГО1 оо6 | самостоен референт | 1,15 |
| ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ЛИЦА | | |
| ОБН 04 01 АО1 о02 | хигиеничар | 1,05 |

| | | |
|---|---|---|
| ОБН 04 01 АО1 о01 | чувар | 1,05 |
| ОБН 04 01 А01 004 | градинар | 1,05 |

Во основната компонента на плата, делот од плата за работен стаж за вработените на Факултетот се вреднува во износ од 0,5 % од основната бруто плата за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20 %.

**Член 12**

Основната компонента на плата се искажува во бодови, кои се определуваат во согласност со коефициентите на сложеност на работните места, утврдени со Колективниот договор за високо образование и наука (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 102/2021) (во понатамошниот текст: Колективен договор), групирањето по категории и нивоа од член 10 на оваа одлука, како и според видот, сложеноста, обемот и одговорноста за работите на работното место утврдени со Правилникот за систематизација на работните места на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје.

Основната компонента на плата, утврдена со Колективниот договор за високо образование и наука, се исплаќа од средствата на основниот буџет на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Деканатската управа на Факултетот, во зависност од расположливите финансиски средства, ја утврдува вредноста на бодот за пресметка и исплата на платите.

**Групи на сложеност на работните места**

**Член 13**

Работните места, односно работните задачи на вработените лица се групираат во согласност со Правилникот за систематизација.

Доколку на работно место за кој е предвиден понизок степен на стручна подготовка е вработен, односно работи работник со повисок степен на стручна подготовка, платата му се пресметува и исплатува според коефициентот на сложеност за работното место.

**Мерила и критериуми за утврдување на основната компонента на плата**

**Член 14**

Основната бруто плата на наставниот кадар на Факултетот со полно работно време се распоредува на:

1. Работни часови за вршење на работни активности на прв и втор циклус студии, и тоа за:
- предавања и вежби до 6 наставни часа неделно (настава, индивидуална настава, вежби, практична настава, теренска настава и сл.), односно максимум 180 наставни часа годишно;
- подготовка за изведување наставни часа – до 12 часа неделно;
- консултации со студенти – до 4 часа неделно;
- индивидуална работа со студенти (домашни задачи, семинарски работи, проекти и сл.) – до 8 часа неделно;
- континуирано оценување – до 4 часа неделно;
- проверка на знаења на студенти – до 20 часа годишно.

До исполнување на 40-часовната работна недела, наставниот кадар врши и други работи. Други работи на наставниот кадар за кои добива основна бруто плата се:
- вршење научноистражувачка работа;
- континуирано стручно и научно усовршување;
- учество во работата на органите на Факултетот (Наставно-научен совет, Деканатска управа, постојани комисии на Факултетот и наставно-научни колегиуми и сл.);

- други активности поврзани со наставно-образовниот процес.

2. Стручната и административна служба на Факултетот ја остварува основната бруто плата за полно работно време и нормален работен учинок во извршувањето на работите и работните задачи определени со Правилникот за систематизација.

**Член 15**

Наставно-научниот совет, пред почетокот на секоја учебна година или семестар, утврдува преглед на ангажираност на наставниците и соработниците и други работни задачи.

**Дел од плата за работен стаж**

**Член 16**

Основната бруто плата на вработените се зголемува за 0,5 % за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20 %.

**Б) *Исклучителна компонента на плата***

**Дел од плата за работна успешност**

**Член 17**

Делот од плата за работна успешност се утврдува во зависност од:

- вонредно и натпросечно оптоварување на вработениот;
- зголемен обем на работа;
- предвремено и квалитетно извршување на работите.

Делот од плата по основ за работна успешност во текот на месецот може да се зголеми најмногу до 30 % од основната плата.

Висината на средствата за делот од плата за работна успешност е во зависност од сопствените приходи на Факултетот.

Делот од плата за работна успешност се утврдува од страна на деканот, со решение, по доставен извештај од продеканот за настава/секретарот. Во случај на приговор одлучува Деканатската управа.

**Мерила и критериуми за дел од плата за работна успешност**

**Вонредно и натпросечно оптоварување**

**Член 18**

За вонредно и натпросечно оптоварување на вработениот се смета:

- вршење на доделени работи и работни задачи кои не се предвидени како редовни работни обврски за работното место на кое е распореден вработениот;
- вршење на доделени работи и работни задачи за замена на отсутен вработен во организационата единица, за отсуство подолго од 15 дена;
- вршење на доделени работи и работни задачи на упразнето место во организационата единица.

Делот од плата за вонредно и натпросечно оптоварување се утврдува од страна на деканот, со решение, по доставен извештај од продеканот за настава/секретарот. Во случај на приговор одлучува Деканатската управа.

**Дел од плата за работна успешност**

**Член 19**

Делот од плата по основ за работна успешност во текот на месецот може да се зголеми најмногу до 30 % од основната плата,

Делот од плата за работна успешност се утврдува од страна на деканот, со решение, по доставен извештај од продеканот за настава/секретарот. Во случај на приговор одлучува Деканатската управа.

**Член 20**

На вработените од Факултетот им се исплатуваат и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи за извршени работи по доделени обврски од:

- активности во реализација на втор циклус студии;
- активности во реализација на трет циклус студии, односно стекнување научен степен – доктор на науки;

- учество во реализација на научноистражувачки проекти;
- учество во реализација на применувачка, односно апликативна високостручна дејност;
- учество во работа на комисии, работни и стручни тела, работни групи и сл.;
- издавачка дејност, за издавање на учебници;
- настава во и надвор од Универзитетот;
- активности во реализација на специјализација, курсеви, семинари, симпозиуми, континуирано образование и сл.;
- учество во комисии и работни групи формирани од органите на Факултетот.

Вредноста на бодот за исплата на надоместоците од дополнителните средства од сопствени приходи кои се изразени во бодови, по предлог на деканот, ја определува Деканатската управа на Факултетот, во зависност од расположливите средства.

**Зголемен обем на работа**

**Член 21**

За зголемен обем на работа се смета вршење на работи и работни задачи утврдени за работното место на кое е распореден вработениот, во обем поголем од оној кој е вообичаен за извршување на работите од тоа работно место и утврден со Правилникот за систематизација на работните места.

Продеканот за наставна дејност води евиденција за ангажираноста на наставниците и соработниците, од каде што се утврдува зголемениот обем на работа како дел од работната успешност, а секретарот на Факултетот за вработените во Стручната и административна служба и за помошно-техничките лица.

Делот од плата за зголемен обем на работа се утврдува од страна на деканот, со решение, по доставен извештај од продеканот за настава/секретарот. Во случај на приговор одлучува Деканатската управа.

**Предвремено и квалитетно извршување на работите**

**Член 22**

За предвремено и квалитетно извршување на работите се смета извршувањето на работите и работните задачи пред утврдениот или зададениот рок за нивно извршување, со поголема креативност и самоиницијативност од вообичаената, како и доколку вработениот дал посебен придонес во подобрување на квалитетот на извршените работи.

Делот од плата за работна успешност по основ на предвремено и квалитетно извршување на работите се утврдува и се исплаќа, за наставниците и соработниците по предлог на продекан, за вработените во Стручната и административна служба и за помошно-техничките лица по предлог на секретарот, со решение од деканот на Факултетот.

## II. ДОДАТОЦИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА

**а) Функционален додаток на плата**

**Член 23**

За извршување на раководни функции, на избраните лица им се утврдува месечен додаток на основната нето плата, изразен во проценти, согласно со висината на функционалниот додаток и согласно со Колективниот договор, и тоа:

- декан – 50 %
- продекани – 40 %
- раководител на оддел – 10 %.

Износот на надоместоците од овој член се исплатува од започнувањето на функцијата, па до нејзиното престанување.

Вредноста на бодот, во зависност од изворот на финансирање и расположливите финансиски средства, со одлука се определува од страна на Деканатската управа.

Функционалниот додаток на плата утврден со овој член се исплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија согласно со член 75, став 3 од Колективниот договор.

**б) Други додатоци и надоместоци на плата**

**Член 24**

Вработените имаат право на додаток на основната бруто плата за прекувремена работа, работа ноќе, работа во ден на неделен одмор и работа во денови на празници, согласно со закон и со Колективниот договор.

Додатоците меѓусебно не се исклучуваат. Средствата за додатоците од овој член се исплаќаат од основниот буџет на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

**Надоместок за службено патување**

**Член 25**

Вработениот што е испратен на службено патување има право на надоместок за службено патување, согласно со законските прописи, Колективниот договор и актите на Факултетот, и се исплаќа од сопствените средства на Факултетот.

**Надоместоци на плата**

**Член 26**

Вработениот има право на надоместок на плата во случаите на отсуство од работа за време на користење на годишниот одмор, за време на привремена неспособност за работа поради болест и повреда, во случај на спреченост за работа поради професионални заболувања и повреди на работа, давање на крв и во сите други случаи на платено отсуство од работа утврдени со закон и со Колективниот договор.

**Други надоместоци и примања**

**Член 27**

Вработениот има право на надомест на трошоците за:

- смрт на вработениот или член на негово семејство;
- непрекинато боледување подолго од 6 месеци;
- во случај на потешки последици од елементарни непогоди;
- отпремнина за заминување во пензија.

Висината, основицата и рокот за пресметување и исплата на надоместокот на овие трошоци се утврдени со закон, Колективниот договор и прописите кои ја регулираат оваа материја.

Средствата за исплата на еднократната парична помош од овој член се обезбедуваат од основниот буџет на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Факултетот од сопствените средства, со одлука на Деканатската управа, може да исплаќа дополнителна парична помош по основите по кои се исплаќа еднократната парична помош од основниот буџет и парична помош по други основи, по поднесено барање за парична помош со придружна документација.

**Надомест за годишен одмор (регрес)**

**Член 28**

Вработените имаат право на надомест за годишен одмор (регрес), во висина најмногу до 60 % од просечната месена бруто плата по работник во државата која важи на денот на донесување на одлуката за исплата, под услов да работеле на Факултетот најмалку 6 месеци во календарската година.

Регресот за годишен одмор се исплатува доколку Факултетот има обезбедено сопствени средства за оваа намена, со одлука на Деканатската управа на Факултетот.

**Јубилејни награди**

**Член 29**

Вработените имаат право на надомест за јубилејни награди за непрекината работа на Факултетот согласно со закон и со Колективниот договор, за што одлука донесува Наставно-научниот совет.

Исплатата за јубилејната награда се врши доколку Факултетот има обезбедено средства од сопствените приходи.

**Отпремнина за заминување во пензија**

**Член 30**

Работените имаат право на отпремнина за заминување во пензија, согласно со позитивните прописи, во висина од најмалку две просечни плати.

Средствата за исплата на отпремнина се обезбедуваат од основниот буџет на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

## III. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ПОВРЗАНИ СО РАБОТАТА ОД ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ СРЕДСТВА ОД СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ

**Надоместоци за втор циклус студии**

**Член 31**

По одбивањето на материјалните трошоци за студиите (20 %) од вкупните приходи за втор циклус студии и материјалните трошоци за интегративните трошоци на Универзитетот, вкупниот останат приход за втор циклус се распределува во сооднос 90 % за наставни активности и 10 % за раководење со студиите и стручно-административните работи на Факултетот.

За извршување работи за реализација на втор циклус студии, на наставниците за извршените наставни активности им се исплаќа надомест од уплатените средства на секој кандидат, и тоа:

- настава – 40 бода од час;
- индивидуална настава (настава за група на студенти помала од 5) – 25 бода од час.

Во последниот семестар се исплаќа надомест на следниов начин:

- **кога во студиската програма/модул, во последниот семестар е предвидена настава само од ментор**
  - надомест за ментор 100 бода
- **кога во студиската програма/модул, во последниот семестар е предвидена настава од ментор и наставници по други предмети**
  - надомест за ментор – 70 бода
  - настава (еден или повеќе наставници) – 30 бода
- **за преглед, оцена и одбрана на магистерски, стручен и специјалистички труд се исплаќа надомест на следниов начин:**
  - надомест за ментор – 50 бода
  - надомест за член на комисијата 25 бода.

Вредноста на бодот за наставните активности се утврдува индивидуално, за секој модул од студиската програма и за секој семестар посебно, зависно од висината на уплатените парични средства во тековниот семестар (висина на уплатени средства по извршени одбитоци за материјалните трошоци на ХЕФ, интегративни функции на Универзитетот и стручно-административните работи во сооднос со вкупниот број на бодови).

Ангажираните наставници, по завршувањето на семестарот, преку координаторите на студиските програми доставуваат извештај за реализираните наставни активности, што претставува основ за исплата на утврдениот надоместок.

Исплатата на средствата за наставата се врши по завршувањето на семестарот, додека исплатата на средствата уплатени за јавна одбрана на трудот се врши по завршената одбрана на магистерскиот или специјалистичкиот труд.

Исплата на надомест за раководење со студиската програма и стручно-административните работи на Факултетот се врши семестрално од средствата издвоени за таа намена на следниов начин:

- раководител на совет на втор циклус студии – 30 бода;
- секретар – 15 бода;
- самостоен референт администратор – 12 бода;
- советник за финансиско, сметководствено и материјално работење – 10 бода.

Одлука за учество на лицата од став 7 на овој член, во извршувањето на раководењето со студиската програма и стручно-административните работи на Факултетот, донесува деканот.

Вредноста на бодот за раководење со студиската програма и стручно-административните работи се утврдува индивидуално, за секоја студиска програма/модул и за секој семестар посебно (висина на издвоени средства од уплатата согласно со став 1 од овој член во соодност со вкупниот број на бодови предвидени за оваа намена).

**Член 32**

Исплатата на надоместокот од член 31, став 2, алинеја 1 се врши по конечноста на резултатите од спроведената проверка на знаењето – испитот по наставниот предмет што го покрива наставникот.

Исплата на надоместокот од член 31, став 3, алинеи 1 и 2 се врши по прифаќањето на извештајот за оцена на магистерскиот труд со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот и одржаната јавна одбрана на трудот.

**Надоместоци за трет циклус студии**

**Член 33**

Исплатата на надоместоци за извршени работи во реализација на трет циклус студии – докторски студии ќе се врши во согласност со Правилникот на Универзитетот за утврдување на износот на трошоците за студирање на третиот циклус – докторски студии.

**Вршење работи на научноистражувачки и меѓународни проекти**

**Член 34**

Средствата стекнати со вршење работи на научноистражувачки проекти се распределуваат на предлог од раководителот на проектот, согласно со финансискиот план на проектот, а со решение на деканот на Факултетот.

**Вршење работи на применувачка високостручна дејност**

**Член 35**

Средствата стекнати со вршење работи на применувачка, односно апликативна високостручна дејност, по одвојување на 20 % од средствата за дејноста на Факултетот и за интегрирачките функции на Универзитетот, се распределуваат на предлог од раководителот на проектот, согласно со финансискиот план на проектот, а со решение на деканот на Факултетот.

**Учество во работа на комисии, работни групи и тела и сл.**

**Член 36**

На членови на комисија, работна група, тело и сл., задолжени од Наставно-научниот совет, Деканатската управа или деканот, за изготвување на нормативни акти, експертски анализи, стручни материјали и сл., за самоевалуација, за попис, за јавни набавки, за обработка на податоци, при упис на студенти, за промоција, како и за други активности, им се исплаќа надоместок во зависност од степенот и обемот на сложеност на работните задачи.

Член на комисија, работна група, тело и сл. може да биде вработен на Факултетот, како и надворешно лице, а за работата во нив може да му се исплати надомест во висина од 40 до 100 бода.

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, со одлука се определува од страна на Деканатската управа.

Висината на надоместокот се утврдува од страна на Деканатската управа согласно со обемот и степенот на сложеност на извршените работи, а се исплаќа со решение на деканот на Факултетот.

**Вршење високообразовна дејност на други факултети и универзитети и вршење високообразовна дејност на Факултетот од надворешни соработници**

**Член 37**

На наставниците и соработниците кои вршат високообразовна дејност на други

факултети и универзитети, на наставниците и соработниците од други факултети и универзитети, на стручњаците од практиката и нивните ментори ангажирани во наставно-образовниот процес на Факултетот, како и на наставниците и соработниците на кои им мирува работниот однос на Факултетот поради извршување јавни функции, а се ангажирани за вршење високообразовна дејност на втор и на трет циклус студии, им се исплатува надомест од извршената работа врз основа на договорот со кој се уредуваат меѓусебните односи, во согласност со актите на Универзитетот и Факултетот.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 38**

За сè што не е предвидено со оваа одлука се применуваат одредбите од законот, Колективниот договор, Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот (Универзитетски гласник бр. 610/2022) и другите акти на Универзитетот и на Факултетот.

**Член 39**

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Шумарски факултет – Скопје (пречистен текст) (Универзитетски гласник бр. 385/2017).

**Член 40**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Кирил Сотировски, с.р.**